ПРЕДЛАГАЧИ: група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА, по скратена постапка

Скопје, септември 2024 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: E pranuar: | 20. 09. 2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia. Org | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 45251/1 | | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, ви поднесуваме Предлог на закон за именување и дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата, по скратена постапка

ПРАТЕНИЦИ:

Антонијо Милошоски
Теуе Милевски
Миле Лефков
Драган Ковачки
Марија Митева
Бојан Стојаноски
Љупчо Пренџов
Бране Петрушевски

2

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно Закон за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/2010; 136/2011; 41/2014; 53/2016 и 83/2018) се уредуваат забранетите облици на спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата, мерките и постапките во врска со ограничувањата на конкуренцијата со цел обезбедување слободна конкуренција на домашниот пазар заради поттикнување на економска ефикасност и благосостојба на потрошувачите.

Комисијата за заштита на конкуренцијата ја контролира примената на одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата и  Законот за државната помош и прописите донесени со истите закони и ги следи и анализира состојбите на пазарот за развој на слободна и ефикасна конкуренција, води управни постапки и донесува одлуки во управна постапка согласно со одредбите од овој закон и Законот за државната помош.

Согласно член 30 од законот, Комисијата води прекршочна постапка и изрекува прекршочни санкции согласно прекршочните одредби на законот.

Согласно член 1 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи (*) („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/2024) се уредуваат правилата и мерките за спречување на наметнување нефер трговски практики кои отстапуваат од доброто трговско однесување, се утврдуваат нефер трговските практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи со чие наметнување се искористува значителната преговарачка моќ на купувачот во однос на неговите добавувачи, постапките за утврдување нефер трговски практики, како и соработката меѓу надлежните органи за спроведување на надзорот над примената на нефер трговските практики.

Согласно членот 9 од истиот закон, се зголемуваат надлежностите на Комисијата и се предвидува надзор над спроведувањето и контрола при примената на одредбите од овој закон и истата претставува прекшочен орган. Согласно членот 10, прекршочната постапка и изрекувањето на прекршочни санкции согласно прекршочните одредби на Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи (*) ја води Комисијата за одлучување по прекршок која е составена од претседателот и двајцата членови на Комисијата за заштита на конкуренцијата. Согласно Глава IV од истиот закон, Комисијата за одлучување по прекршок во рамките на Комисијата ја води и доказната постапка.

Имајќи ги предвид проширените законски надлежности на Комисијата,  согласно  начелото на ефикасност, со предложените законски измени  се врши зајакнување на капацитетите и професионализација на Комисијата, односно се предвидува четирите членови да бидат професионални ангажирани за разлика од досегашните два. Со предложените законски измени се врши професионализација на Комисијата во однос на тоа дека претседателот и членовите не можат да бидат членови во органи и тела кои ги избира или именува Владата. Исто така се  дефинираат и зајакнуваат условите за разрешување со што се зајакнува независноста и самостојноста на Комисијата согласно начелото на законитост.

Исто така се зајакнуваат критериумите за стручноста, компетентноста и работното исксутво.  Се предлага претседателот и двајца членови на Комисијата задолжително да бидат дипломирани правници со положен правосуден испит и искуство во струката од најмалку 8 години за претседателот односно 6 години за членовите и дополнително 5

години работно искуство после положување на правосудниот испит за претседателот 3 години за членовите. Ова е од особена важност имајќи предвид дека решенијата на Комисијата за заштита на конкуренцијата донесени во управна постапка и решенијата на комисијата за одлучување по прекршок се конечни и подлежат на управно-судска заштита согласно членовите 46 и 53 од Законот.

Се предвидува двајца членови на комисијата да бидат дипломирани економисти со најмалку 6 години работно искуство.

Дополнително се предлага, Комисијата за одлучување по прекршок да биде составена од претседателот и еден член дипломиран правник со положен правосуден испит и еден член дипломиран економист со што се врши специјализација во водењето на прекршочната постапка и составот на Комисијата за одлучување по прекршок се определува согласно надлежностите на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Со предложените законски измени се проширува и опсегот на посебните знаења од областите кои што треба да ги имаат претседателот и членовите, односно од досегашните познавања во една од областите на конкуренцијата, трговското право, менаџментот, финансиите се проширува и потребата од познавања во една од областите како што се јавните набавки, прекршочната постапка и управната постапка. Со ова претседателот и членовите дополнително ќе се специјализираат имајќи предвид дека Комисијата постапува како управен орган согласно Законот за општата управна постапка, но и како прекршочен орган согласно законите за кои има материјална надлежност. Посебните познавања од областа на јавните набавки се исто така предвидени имајќи ги предвид надлежностите на Комисијата за заштита на конкуренција утврдени во членот 26 од Законот за јавните набавки.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Основна цел на предложениот закон е зајакнување на капацитетите на Комисијата за заштита на конкуренцијата согласно проширените законски надлежности, како и зајакнување на капацитетите и професионализација на Комисијата.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата не предизвикува фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства од државниот Буџет.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Врз основа на членот 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлог на законот по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

Член 1

Во Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/2010; 136/2011; 41/2014; 53/2016 и 83/2018), во член 27 ставот (4) се менува и гласи:

„Претседателот и членовите на Комисијата за заштита на конкуренцијата функцијата ја вршат професионално.”.

Ставовите (7), (8), (9), (10) и (11) се менуваат и гласат:

„(7) За претседател на Комисијата за заштита на конкуренцијата се именува лице кое ги исполнува следниве услови, и тоа:

1) е државјанин на Република Северна Македонија;
2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа на правото;
4)има положен правосуден испит;
5) има минимум осум години работно искуство на правни работи од кој три години по положувањето на правосудниот испит;
6) има посебни знаења во една од следните области: конкуренцијата; трговското право; менаџментот; финансиите; јавните набавки; прекршочната постапка, управната постапка;
7) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати за активно познавање на англискиот јазик:
- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).“;
8) да не е член на орган на политичка партија.“

(8) Двајца членови на Комисијата за заштита на конкуренцијата се именуваат лица кое ги исполнуваат следниве услови, и тоа:

1) е државјанин на Република Северна Македонија;
2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа на правото;
4)има положен правосуден испит;
5) има минимум шест години работно искуство на правни работи од кој три години по положувањето на правосудниот испит;
6) има посебни знаења во една од следните области: конкуренцијата; трговското право; менаџментот; финансиите; јавните набавки; прекршочната постапка; управната постапка;

7) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати за активно познавање на англискиот јазик:
- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

(9) Двајца членови на Комисијата за заштита на конкуренцијата се именуваат лица кое ги исполнуваат следниве услови, и тоа:

1) е државјанин на Република Северна Македонија;
2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа на економијата;
4) има минимум 6 години работно искуство на економски и финансиски работи;
5) има посебни знаења во една од следните области: конкуренцијата; трговското право; менаџментот; финансиите; јавните набавки; прекршочната постапка; управни работи;
6) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати за активно познавање на англискиот јазик:
- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

(10) Собранието на Република Северна Македонија го разрешува од должност претседателот или член на Комисијата за заштита на конкуренцијата пред истекот на мандатот на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, доколку се исполнети следните услови:
- ако тоа сам го побара,
- трајно ја загуби способноста за вршење на функцијата, што го утврдува Собранието на Република Северна Македонија,
- е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци,
- ги исполни условите за старосна пензија,
- врши работи кои се неспојливи со функцијата член или претседател на Комисијата за заштита од конкуренција согласно со Закон.
- три пати едно по друго не присуствува на седниците на Комисијата за заштита на конкуренцијата, а отсуството не го оправда.“.

(11) Исполнувањето на условите за разрешување од ставот (10) алинеја 6 на овој член ги утврдува Комисијата за заштита на конкуренцијата со мнозинство гласови од вкупниот број членови и поднесува барање за разрешување до Собранието на Република Македонија.“.

Член 2

Во член 30 се менува и гласи:

„(1) За прекршоците определени во овој закон, прекршочна постапка пред Комисијата за заштита на конкуренцијата води и прекршочна санкција изрекува Комисијата.

(2) Комисијата, за одлучување по прекршок работи и одлучува на седница, со мнозинство гласови од вкупниот број членови. Член на Комисијата, за одлучување по прекршок не може да биде воздржан од гласање.“.

Член 3

Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија објавува јавен оглас за именување претседател и членови на Комисијата за заштита од конкуренција согласно овој закон најдоцна во рок од три дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Огласот од ставот (1) на овој член се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик а рокот за пријавување е десет дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Член 4

Со именувањето на претседателот и на членовите на Комисијата за заштита на конкуренцијата согласно одредбите од овој закон, им престанува мандатот на претседателот и членовите на Комисијата за заштита на конкуренцијата кои се именувани согласно со Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“бр. 145/2010; 136/2011; 41/2014; 53/2016 и 83/2018).

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата содржи 5 члена.
Со членот 1 се утврдува дека претседателот и членовите ќе бидат професионално ангажирани во Комисијата за заштита на конкуренција за разлика од досегашното законско решение со кое двајца членови на Комисијата не беа професионално ангажирани.
Дополнително се дефинираат условите што треба да ги исполнуваат претседателот и членовите на Комисијата. Со предложените услови за именување се зајакнува стручноста и компетентноста и се зголемува потребното работно искуство на претседателот и членовите на Комисијата. Се предлага претседателот на Комисијата да биде дипломиран правник со положен правосуден испит и работно искуство на правни работи од најмалку 8 години и 5 години работно искуство после положување на правосудниот испит. Двајца членови на комисијата се предвидува да бидат дипломирани правници со работно искуство на правни работи од најмалку 6 години и 3 години работно искуство после положување на правосудниот испит. Двајца членови на комисијата се предвидува да бидат дипломирани економисти со 6 години работно искуство.
Со предложените законски измени се проширува и посебните знаења од областите кои што треба да ги имаат претседателот и членовите, односно од досегашните познавања во една од областите конкуренцијата, трговското право, менаџментот, финансиите се проширува и потребата од познавања во една од областите како што се јавните набавки, прекршочната постапка и управната постапка. Со ова претседателот и членовите дополнително ќе се специјализираат имајќи предвид дека Комисијата постапува и како управен орган согласно Законот за општата управна постапка, но и како прекршочен орган согласно законите за кои има материјална надлежност. Посебните познавања од областа на јавните набавки се исто така предвидени имајќи ги предвид надлежностите на Комисијата за заштита на конкуренција утврдени во

Со членот 2 се уредува за прекршоците, прекршочна постапка и прекршочна санкција пред Комисијата за заштита на конкуренцијата води и прекршочна санкција изрекува Комисијата

Со членот 3 се утврдува дека Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија објавува јавен оглас за именување претседател и членови на Комисијата за заштита од конкуренција согласно овој закон најдоцна во рок од три дена од денот на влегувањето во сила на овој закон и се определува рок за пријавување од десет денови.

Со членот 4 се утврдува дека со именувањето на претседателот и на членовите на Комисијата за заштита на конкуренцијата согласно одредбите од овој закон, им престанува мандатот на претседателот и членовите на Комисијата за заштита на конкуренцијата кои се именувани согласно Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“бр. 145/2010; 136/2011; 41/2014; 53/2016 и 83/2018).

Со членот 5  се уредува влегувањето во сила на законот.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој закон се меѓусебно поврзани, истите се однесуваат на иста правна работа и како такви прават правна целина и се применливи.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се обезбедат усогласени одредби на Законот.

ИЗВОД НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

**Именување и разрешување на претседателот и членовите на Комисијата за заштита на конкуренцијата**

**Член 27**

(1) На предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија, претседателот и членовите на Комисијата за заштита на конкуренцијата ги именува и разрешува Собранието на Република Македонија за период од пет години со право на повторно именување.

(2) Собранието на Република Македонија при именување на претседателот и членовите на Комисијата за заштита на конкуренцијата треба да ја има предвид соодветната и правичната застапеност на припадниците на сите заедници.

(3) По истекот на мандатот од ставот (1) на овој член, а се до именувањето на нов претседател и членови на Комисијата за заштита на конкуренцијата, претседателот и членовите на Комисијата за заштита на конкуренцијата од ставот (1) на овој член продолжуваат со работа и одлучување.

(4) Претседателот и двајца членови на Комисијата за заштита на конкуренцијата се професионално ангажирани во работењето на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

(5) Претседателот на Комисијата за заштита на конкуренцијата ја застапува, претставува и раководи со работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

(6) За именување на претседател и член на Комисијата за заштита на конкуренцијата се објавува јавен оглас во три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците што се издаваат е на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(7) За претседател и член на Комисијата за заштита на конкуренцијата може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови, и тоа:
1) е државјанин на Република Македонија;
2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа на правото и економијата;
4) да има минимум пет години работно искуство во струката и посебни знаења од областа на конкуренцијата, трговското право, менаџментот и финансиите;
5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:
- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,

- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

(8) Претседателот или еден од членовите на Комисијата за заштита на конкуренцијата кои се професионално ангажирани во работењето на Комисијата за заштита на конкуренцијата, задолжително треба да биде дипломиран правник со положен правосуден испит и искуство во струката од најмалку пет години по положувањето на правосудниот испит.

(9) Претседателот и членовите на Комисијата за заштита на конкуренцијата, за време на траењето на нивниот мандат, не можат да бидат пратеници во Собранието на Република Македонија, членови на Владата на Република Македонија, лица кои извршуваат должност во органите на политичките партии, членови на органи на управување во претпријатијата или да бидат членови на кој било друг облик на здружување на правни или физички лица, кои би можеле да доведат до судир на интереси.

(10) Претседателот и членовите на Комисијата за заштита на конкуренцијата не смеат да одлучуваат за претпријатијата со кои тие, нивните брачни другари или членови на нивните семејства во прв степен на сродство се акционери или членови на органите на управување во претпријатијата кои се учесници во постапка која се води согласно со одредбите од овој закон.

(11) Собранието на Република Македонија го разрешува од должност претседателот или член на Комисијата за заштита на конкуренцијата пред истекот на мандатот на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, ако:
1) тоа сам го побара и
2) три пати едно по друго не присуствува на седниците на Комисијата за заштита на конкуренцијата, а отсуството не го оправда.

(12) Исполнувањето на условите за разрешување од ставот (8) на овој член ги утврдува Комисијата за заштита на конкуренцијата со мнозинство гласови од вкупниот број членови и поднесува барање за разрешување до Собранието на Република Македонија.

## ЧЕТВРТИ ДЕЛ
## ПОСТАПКИ ПРЕД КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

### Глава прва
### ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА

**Надлежност за прекршок**

**Член 30**

(1) За прекршоците определени во овој закон, прекршочна постапка пред Комисијата за заштита на конкуренцијата води и прекршочна санкција изрекува Комисијата за одлучување по прекршок.

(2) Комисијата за одлучување по прекршок е составена од претседателот и двајцата членови на Комисијата за заштита на конкуренцијата кои се професионално ангажирани во работењето на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

(3) Претседател на Комисијата за одлучување по прекршок е претседателот или еден од двајцата членови на Комисијата за заштита на конкуренцијатата кои се професионално ангажирани во работењето на Комисијата за заштита на конкуренцијата и истиот задолжително треба да биде дипломиран правник со положен правосуден испит и искуство во струката од најмалку пет години по положувањето на правосудниот испит.

(4) Комисијата за одлучување по прекршок работи и одлучува на седница, со мнозинство гласови од вкупниот број членови. Член на Комисијата за одлучување по прекршок не може да биде воздржан од гласање.